| 480190 | Купување на друга опрема | 1.040.000 | 1.040.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.040.000 | 1.040.000 |
| 482 | Други градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Бр.08-6310/1
од 14.11.2018 г.
Кавадарци

Совет на Општина Кавадарци
Претседател

Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2019 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/2** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изготвува Финансов План со кој се врши распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2019 година со намена –Набавка на

екстра лесно масло за горење, Набавка на горива и масла, Привремени вработувања, Одржување на улици и патишта –зимска служба.

Од Буџетот на Општина Кавадарци за 2019 година – се планира распределба на трошоци за:

- Програма Е0 – Општинска администрација позиција 421240 –Течни горива – 836.000 денари;
- Програма Н1 – Основно образование позиција 421240 –Течни горива – 6.324.000 денари;
- Програма Н2 – Средно образование позиција 421240 –Течни горива – 6.820.000 денари;
- Програма В1 – Детски градинки позиција 421240 –Течни горива – 3.720.000 денари;
- Програма Е0 – Општинска администрација позиција 421410 –Горива и масла (моторни возила) – 1.000.000 денари;
- Програма Е0 – Општинска администрација позиција 427111 –Привремени враборувања– 13.000.000 денари;
- Програма Ј6 –Одржување и заштита на локални патишта,улици и регулирање на режим на сообраќајот позиција 424320-Одржување на улици и патишта-Зимско одржување -3.000.000 денари;

Оваа Одлука со нејзиното донесување ќе биде составен дел на Буџетот на Општина Кавадарци за 2019 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6310/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**14.11.2018 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за усвојување на Физибилити студија за финансиска и правна рамка за вршење на дејноста зонско паркирање во Општина Кавадарци од страна на Јавното претпријатие за јавни**

**паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, изработена од CENTER FOR ECONOMIC ANALYSES (CEA) Скопје**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Физибилити студија за финансиска и правна рамка за вршење на дејноста зонско паркирање во Општина Кавадарци од страна на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, изработена од CENTER FOR ECONOMIC ANALYSES (CEA) Скопје , донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/3**
**15.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.02/2005), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на општина Кавадарци бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Физибилити студија за финансиска и правна рамка за вршење на дејноста зонско паркирање во Општина Кавадарци од страна на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, изработена од CENTER FOR ECONOMIC ANALYSES (CEA) Скопје**

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Физибилити студија за финансиска и правна рамка за вршење на дејноста зонско паркирање во Општина Кавадарци од страна на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци бр.23-5169/17 од 09.11.2018 година, изработена од CENTER FOR ECONOMIC ANALYSES (CEA) Скопје .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-6310/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.11.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), а во врска со член 7 и член 348 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Сл.Весник на РМ„ бр. 169/15, 226/15, 55/16 и 11/2018), член 82 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Кавадарци бр.07-4925/1 од 30.10.2014 година и бр. 08-08-5914/24 од 31.10.2018 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.24/2014, 24/2018), се врши следната измена и дополнување:

Во член 3 – став 2 се брише точката, се става запирка и се додава„ во понатамошниот текст (организаторот на паркирањето)„.

**Во глава –Користење на јавните паркиралишта:**

Член 9 се менува и гласи: „Начинот и условите за паркирање, времетраењето на паркирањето односно неговото ограничување како и начинот на означување на ограничувањето и системот на наплата, ги утврдува со акт Управниот одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, на кој согласност дава Советот на Општина Кавадарци„

Во член 10 се брише точката на крајот на реченицата се става запирка и се додава„ или утврдени со акт на Управниот одбор ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, на кој согласност дава Советот на Општина Кавадарци„.

Во член 12 се брише став 1 .

Во член 12 став 2 на крајот на реченицата по зборот возилото се додава „и на сите јавни паркиралишта од значење за Општина Кавадарци„.

Во член 12 се брише став 3 .

**Во глава –Наплата за услугата на паркирање:**

Во член 13 став 2 се менува и гласи: „Ценовникот на услугите за користење на јавните паркиралишта ги утврдува со акт Управниот Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, на кој согласност дава Советот на Општина Кавадарци„.

Во член 14 во став 2 се менува и гласи„ Средствата по основ на комунална такса, организаторот на паркирањето е должен да ги уплаќа на сметка на Општина Кавадарци.

Во член 15 после зборот „одлука„ се додава „ односно актот на организаторот на паркирањето„.

**Во глава –Повластено паркирање**

Во член 17 став 2 се менува и гласи:„ Правото на користење повластен билет за паркирање го утврдува со акт Управниот одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, на кој согласност дава Советот на Општина Кавадарци„.

**Во глава –Ослободување од плакање за паркирање**

Во член 20 став 2 се менува и гласи : „ Бројот на резервираните места од ставот 1 на овој член и условите за нивно користење ги утврдува со акт Управниот одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, на кој согласност дава Советот на Општина Кавадарци„.

**Во глава –Отстранување на неправилно и непрописно паркирани возила од паркинг простори и возила од прометни површини,**

Во член 22 став 3 се менува и гласи:„ Управниот одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, со акт на кој согласност

дава Советот на Општина Кавадарци, ја утврдува цената за отстранување на возилата со пајак возило или блокирање на тркалата со ставање на лисици или блокатори на тркалата во случај ако крајниот корисник на јавниот паркинг простор не плати за користење на услугите на паркирање, како и во случај на непрописно паркирање надвор од јавниот паркинг„.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „ Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-6310/4**
**14.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци , донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/5**
**15.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр,5/2002), а во врска со член 7 и член 348 од Законот за безбедност во сообракајот на патиштата („Сл.Весник на РМ„ бр. 169/15, 226/15, 55/16 и 11/2018), , член 82 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Кавадарци

(„Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци бр.07-4925/2 од 30.10.2014 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр24/201424/2018), се врши следната измена и дополнување:

**Член 2 се менува и гласи:**

„Зонското паркирање се применува во три (3 ) зони (А, Б и Ц ) со подзони, и тоа:

-Во зона А четири (4) подзони;
-Во зона Б шеснаесет (16) подзони; и
-Во зона Ц (С) девет (9) подзони„.

**Член 3 се менува и гласи:**

„ **ЗОНА А**

**- Подзона А1**

На улица „Илинденска„ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица „М.Х. Јасмин„ до крстосница со улица „Пано Мударов„ – обезбедени се 21 паркинг место;

**- Подзона А2**

На улица„ 7ми Септември„ се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосница со улица „Илинденска„ до крстосница со улица „Браќа Цунови„. На оваа улица паркирањето започнува после такси станицата и пред полицијата да се остави простор за нивните службени возила – обезбедени се 47 паркинг места;

**- Подзона А3**

На улица „Тиквешко Востание„„ се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосница со влезот/излезот во подземната гаража до крстосница со улица „Страшо Пинџур„ – обезбедени се 10 паркинг места;

**- Подзона А4**

На улица „Мито Хаџи Василев Јасмин„„ се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосница со улица „Гоце Делчев„ до крстосница со улица Илинденска, односно до пред такси станицата што е на оваа улица – обезбедени се 30 паркинг места;

**Во зона „А" вкупно обезбедени се 108 места за паркирање„.**

**Член 4 се менува и гласи:**
„ **ЗОНА Б**
**- Подзона Б1**
Се организира вон улично паркирање во подземната гаража на улица „Тиквешко Востание „– обезебедени се 30 паркинг места;
**- Подзона Б2**
Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на улица „Тиквешко Востание„ (над подземната гаража) – обезбедени се 26 паркинг места;
**- Подзона Б3**
Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на улица „Фердо Росомански„ и улично паркирање на истата улица – обезбедени се 23 паркинг места;
**- Подзона Б4**
На улица„ Пано Мударов„„ се организира улично паркирање на улицата од крстосница со улица „Илинденска„ до крстосница со улица „Солунска Глава„„ и на улица *„8-ми Септември„* се организира улично паркирање на улицата од крстосница со улица „Солунска Глава„ до крстосница со улица „Гоце Делчев„ – обезбедени се 60 паркинг места;
**- Подзона Б5**
На улица „Илинденска„ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица „Цано Поп Ристов„ до крстосница со улица Партизанска – обезбедени се 20 паркинг места;
**- Подзона Б6**
На улица „Илинденска„ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица „Партизанска„ до крстосница со улица „Максим Горки „– обезбедени се 29 паркинг места;

**- Подзона Б7**
На улица „Илинденска„ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица „Максим Горки„ до крстосница со улица „Охридска„ – обезбедени се 14 паркинг места;
**- Подзона Б8**
На улица „Максим Горки„ се организира улично паркирање од левата страна на улицата од крстосницата со улица „Партизанска„ до крстосницата со улица „Илинденска„ – обезбедени се 14 паркинг места;
**- Подзона Б9**
На улиците „11ти Октомври„„ ул„Лазо Мицев„ и ул„ Партизанска„ (околу паркот „Полана“ се организира улично паркирање од левата страна на улиците – обезбедени се 26 паркинг места;
**- Подзона Б10**

На улица ,,Цано Поп Христов,, се организира улично паркирање од левата страна на улицата од крстосница со улица ,,Блажо Алексов,, до куќен број 32, од куќен број 32 до крстосница со улица ,,Лазо Мицев,, од десната страна и од крстосница со улица ,,Лазо Мицев,, до крстосница со улица ,,Илинденска,, од двете страни на улицата – обезбедени се 47 паркинг места;

**- Подзона Б11**

Се организира вон улично паркирање во монтажната гаража на улица 1ВИ Мај – обезбедени се 84 паркинг места;

**- Подзона Б12**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на улица ,,Тошо ВелковПепето,, – обезбедени се 38 паркинг места;

**- Подзона Б13**

На ,,улица Браќа Џунови,, се организира улично паркирање од левата страна на улицата од крстосницата со улица ,,7-ми Септември,, до крстосницата со улица „Браќа Хаџи Тефови„– обезбедени се 24 паркинг места;

**- Подзона Б14**

На улица ,,Браќа Хаџи Тефови,, се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосницата со улица Браќа Џунови до крстосницата со улица ,,Ќиро Спанџов,, – обезбедени се 15 паркинг место;

**- Подзона Б15**

На улица ,,Ресавска,, се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосницата со улица ,,Народен Фронт ,,до крстосницата со улица ,,Страшо Пинџур,, – обезбедени се 11 паркинг места;

**- Подзона Б16**

На улица ,,Блажо Алексов,, се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосницата со улица „Цано Поп Ристов,, до крстосницата со улица ,,Мирче Ацев,, – обезбедени се 46 паркинг места

**Во зона „Б“ вкупно обезбедени се 507 места за паркирање.**

**Член 5 се менува и гласи:**

ЗОНА Ц (С)

**- Подзона Ц (С) 1**

На Булевар ,,Никола Минчев,, се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар ,,Македонија,, до крстосница со булевар ,,Вељко Влаховиќ,, – обезбедени се 24 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 2**

На Булевар ,,Никола Минчев„ се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар „Кочо Рацин,, до крстосница со булевар ,,Македонија,, – обезбедени се 46 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 3**

На Булевар ,,Македонија,, се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар „Никола Минчев,, до крстосница со влез во паркинг простор – обезбедени се 16 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 4**

На Булевар ,,Македонија,, се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар ,,Никола Минчев,, до крстосница со улица ,,Орце Николов,, – обезбедени се 32 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 5**

На Булевар ,,Кочо Рацин,, се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар ,,Никола Минчев,, до крстосница со улица ,,Орце Николов,, – обезбедени се 48 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 6**

На Булевар ,,Моша Пијаде,, се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар ,,Никола Минчев,, до крстосница со улица ,,Гоце Делчев,, – обезбедени се 46 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 7**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на булевар ,,Вељко Влаховиќ,, – обезбедени се 81 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 8**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот позади зградите „Лепотици“ на Булевар,,Македонија,, – обезбедени се 59 паркинг места;

**- Подзона Ц (С) 9**

Се организира вон улично паркирање од десната страна на улица ,,7-ми Септември,, од крстосница со улица ,,Киро Крстев,, до крстосница со улица ,,Шишка,, – обезбедени се 33 паркинг места;

**Во зона „Ц (С) “ вкупно обезбедени се 385 места за паркирање.**

**Член 7 се менува и гласи:**

„ Наплатата на паркирањето ке се врши согласно Ценовникот утврден од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, на кој согласност дава Советот на Општина Кавадарци„

**Работно време на паркинзите во зоните на паркирање:**

Прва зона А - работно време секој работен ден од :
07-21 ч.(зимско сметање)
07-23 ч.(летно сметање)

Втора зона В- работно време од :
07-21 ч.(зимско сметање)
07-23 ч.(летно сметање)

Трета зона Ц (С) - работно време од:
07-18 ч.(зимско сметање)
07-18 ч.(летно сметање)

**Работно време во сабота од:**

Прва зона А - работно време од 07-14 ч.
Втора зона В- работно време од 07-14 ч.

Трета зона Ц (С) - работно време од 07-14 ч.

**Работно време во недела од:**

Прва зона А - работно време од 07-14 ч.

Втора зона В- работно време од 07-14 ч.

Трета зона Ц (С) -Слободно паркирање :

- **За време на празници**

Слободно паркирање за сите зони,,.

**Член 9 се менува и гласи:**

„ Носителите на право на сопственост или користење на станбен односно деловен простор во реонот на јавните паркиралишта или површина намената за паркирање можат да користат повластен паркинг билет што го издава организаторот на паркирањето врз основа на акт донесен од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, на кој согласност дава Советот на Општина Кавадарци,, .

Во член 11 се брише став 2 .

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „ Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-6310/5**
**14.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за престанок на важење на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање**
**на територијата на Општина Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката за престанок на важење на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на територијата на Општина Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за престанок на важење на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на територијата на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на територијата на Општина Кавадарци бр.07-4925/3 од 30 10.2014 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на територијата на Општина Кавадарци бр.08-3116/13 од 16.06.2016 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.24/2014, 46/2016).

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.08-6310/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**14.11.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за престанок на важење на Одлуката за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на Општина Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката за престанок на важење на Одлуката за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на Општина Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за престанок на важење на Одлуката за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на Општина Кавадарци бр.07-4925/4 од 30 10.2014 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.24/2014).

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.08-6310/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.11.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци, бр.03-10/5 од 13.11.2018 година, донесена на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување на тарифа на цени по зони,за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци, бр.03-10/5 од 13.11.2018 година, донесена на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-6500/8 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
15.11.2018 година ГРАДОНАЧАЛНИК
К А В А Д А Р Ц И м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....64/2018), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Одлука за утврдување на тарифа на цени по зони,**
**за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци,**
**бр.03-10/5 од 13.11.2018 година,**
**донесена на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука за утврдување на тарифа на цени по зони,за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци, бр.03-10/5 од 13.11.2018 година, донесена на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-6310/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
14.11.2018 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Сл.Весник на РМ„ бр.38/96....64/2018), член 34 од Статутот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, Управниот Одбор на седницата одржана на ден 13.11.2018 година, ја донесе следната :

# О Д Л У К А
## за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци

Член 1

За сите предвидени паркинг места се воведува ЗОНСКО паркирање во Прва, Втора и Трета зона.

Член 2

Цените за паркирање на патничките моторни возила во зонското паркирање се:

| | | |
|---|---|---|
| Прва зона | **07-21 ч.(зимско сметање)**<br>**07-23 ч.(летно сметање)** | 30 денари / прв час ; 20 денари /втор час |
| | **21-07 ч.(зимско сметање)**<br>**23 -07ч.(летно сметање)** | слободно паркирање |
| Втора зона | **07-21 ч.(зимско сметање)**<br>**07-23 ч.(летно сметање)** | 20 денари / прв час ; 10 денари /втор час |
| | **21-07 ч.(зимско сметање)**<br>**23 -07ч.(летно сметање)** | слободно паркирање |
| Трета зона | **07-18 ч.** | 10 денари / прв час ; 10 денари /втор час |
| | **18-07 ч.** | слободно паркирање |

**НАПОМЕНА:**

1. прв час се наплаќа 30 денари, втор час се наплаќа 20 денари, трет час се наплаќа 30 денари, четврти час се наплаќа 40 денари, петти час се наплаќа 50 денари, шести час и секој нареден час се наплаќа 50 денари.
2. прв час се наплаќа 20 денари, втор час се наплаќа 10 денари, трет час се наплаќа 20 денари, четврти час се наплаќа 30 денари, петти час се наплаќа 40 денари, шести час и секој нареден час се наплаќа 40 денари.
3. прв час се наплаќа 10 денари, втор час се наплаќа 10 денари, трет час се наплаќа 20 денари, четврти час се наплаќа 30 денари, петти час се наплаќа 30 денари, шести час и секој нареден час се наплаќа 30 денари.

**ПОВЛАСТЕНО ПАРКИРАЊЕ**

Станари од колективни станбени заедници

| | | |
|---|---|---|
| 1 воз. / за 1 година | Прва зона - | 300 ден. / 500ден. второ возило |
| 1 воз. / за 1 година | Втора зона - | 300 ден. / 500ден. второ возило |
| 1 воз. / за 1 година | Трета зона - | 300 ден. / 500ден. второ возило |

**РЕЗЕРВИРАНО ПАРКИРАЊЕ**

Правно лице со седиште во зоната и корисничко право (доказ од Центр. рег.) ⇒

Прва зона - 45.000 денари / 1 година
Втора зона - 30.000 денари / 1 година
Трета зона - 20.000 денари / 1 година

**Напомена : Резервираното паркирање важи 24 часа.**

**ПРЕТПЛАТНА (МЕСЕЧНА) ПАРКИНГ-КАРТА**

Тип 1

Правно лице ⇒

Прва зона - 3.000 денари / 1 месец
Втора зона - 2.000 денари / 1 месец
Трета зона - 1.000 денари / 1 месец

**Напомена: Претплатна месечна карта важи само за една подзона каде што се наоѓа седиштето на правниот субјект, паркирањето важи 24 часа.**

Тип 2

Правни и физички лице ⇒

Прва зона - 4.500 денари / 1 месец
Втора зона - 3.000 денари / 1 месец
Трета зона - 2.000 денари / 1 месец

Напомена:Втор тип на претплатна ( месечна) паркин карта ќе важи и за физички и за правни лица. Оваа претплатна ( месечна) паркин карта ако е купена за прва зона ќе важи покрај за прва зона и за втора зона, ако е купена за втора зона ќе важи покрај за втора зона и за трета зона и ако е купена за трета зона ќе важи само за трета зона.

**ПАРКИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА МЕХАНИЗАЦИЈА НА ДЕПО**

За паркирање на земјоделска механизација на депо важи цената за Трета зона.

За непријавено паркирање се ставаат лисици(блокатори) и се наплатува секој час според тарифникот и надоместок од 1.000 денари како казна за непријавено паркирање. Доколку надоместокот за непријавеното паркирање не биде регулирано до 07.00 часот наутро интервенира пајак службата, а трошоците за нејзина интервенција се проценети на 1.500 денари од подигање на возило.

***Повластено паркирање***

Право на повластено паркирање имаат станарите од колективните станбени заедници лоцирани во зоните.

Дозволата за повластено паркирање ја издава ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци по поднесено барање од станарот-сопственик на возило, а по претходно

доставени докази за сопственост или закуп на стан и доказ за сопственост на возило (имотен лист или нотарски заверен договор за закуп и важечка сообраќајна дозвола на име на станарот).

*Резервирано паркирање*

Право на резервирано паркинг-место имаат правни лица кои имаат деловно седиште и корисничко право во зоната. Дозволата за резервирано паркинг место за правни лица ја издава ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, по поднесено барање од правното лице, а по претходно доставени докази за локација на деловното седиште, доказ за корисничко право и важечка сообраќајна дозвола на име на правното лице.

*Претплатна (месечна) паркинг карта*

Претплатна (месечна) паркинг карта има два типа.

Прв тип на претплатна (месечна) паркинг карта ќе важи само за правни лица.

Право на повластено паркирање имаат само правни лица кои имаат деловно седиште и корисничко право во зоната и тоа, за едно возило во зоната каде се наоѓа седиштето на место кое ќе го определи ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци но, не подалеку од една улица од седиштето на правното лице.

Оваа претплатна (месечна) карта важи само за зоната за која се однесува картата.

Дозволата за повластено паркирање за правни лица ја издава ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци по поднесено барање од правното лице, а по претходно доставени докази за локација на деловното седиште, доказ за корисничко право и важечка сообраќајна дозвола на име на правното лице.

Втор тип на претплатна (месечна) паркинг карта ќе важи и за физички и за правни лица. Оваа претплатна (месечна) карта ако е купена за прва зона ќе важи покрај за прва зона и за втора и за трета зона, ако е купена за втора зона ќе важи покрај за втора зона и за трета зона и ако е купена за трета зона ќе важи само за трета зона.

**Дотур на роба**

Дотур на роба се врши согласно Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Кавадарци бр. 08-5914/14 од 31.10.2018 година.

Член 3

Службените возила - специјални возила на Брза помош, полиција и противпожарна заштита се ослободуваат од плаќање на услугите за користење на јавните паркиралишта.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се применува по добивањето на согласност од Советот на Општина Кавадарци.

Управен Одбор
на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци
Заменик Претседател,
Снежана Најдовска

Бр.03-10/5
13.11.2018 година
К а в а д а р ц и

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на**
**Одлука за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани и хаварисани возила на територијата на град Кавадарци, бр.03-10/3 од 13.11.2018 година,**
**донесена на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани и хаварисани возила на територијата на град Кавадарци, бр.03-10/3 од 13.11.2018 година, донесена на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-6500/9** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **15.11.2018 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **м-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....64/2018), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Одлука за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани и хаварисани возила на територијата на град Кавадарци, бр.03-10/3 од 13.11.2018 година,**
**донесена на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани и хаварисани возила на територијата на град Кавадарци, бр.03-10/3 од 13.11.2018 година, донесена на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-6310/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.11.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Сл.Весник на РМ„ бр.38/96....64/2018), член 34 од Статутот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, Управниот Одбор на седницата одржана на ден 13.11.2018 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани и хаварисани возила на територијата на град Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат цените на услугите за отстранување и чување на непрописно паркирани и хаварисани возила на територијата на град Кавадарци и тоа за :

- Подигнување и пренос на возило до депо Пајак по налог на овластено лице - 1.500,00 денари;

- Подигнување на возило од зелена површина, по налог на комунален инспектор и пренос на возилото -1.500,00 денари;

- Поставување/отстранување на механичко средство – лисици за блокирање на возило - 1000,00 денари ,
(во случај на поставување/отстранување покрај износот од 1000,00 денари е должен да плати цена на паркирање за соодветната зона согласно тарифата).

-Подигнување на непрописно паркирано возило по налог на овластено лице, кога сопственикот се појавува на лице место и самостојно го отстранува - 1.000,00 денари ;

- Подигнување и пренос до депо на хаварисано возило - 5.000,00 денари;

- за сите оставени возила на депо (лежарина), после 24 часа од оставањето , - 200 денари /дневно.

Цените се со вклучен ДДВ .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се применува по добивањето на согласност од Советот на Општина Кавадарци.

**Бр.03-10/3**
**13.11.2018година**
**Кавадарци**

**Управен Одбор на**
**ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**
**Заменик Претседател,**
**Снежана Најдовска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила , хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, бр.03-10/4 од 13.11.2018 година, донесен на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила , хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, бр.03-10/4 од 13.11.2018 година, донесен на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/10** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....64/2018), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05),

Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот**
**за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила , хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, бр.03-10/4 од 13.11.2018 година,**
**донесен на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Правилникотза условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила , хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, бр.03-10/4 од 13.11.2018 година, донесен на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6310/10** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**14.11.2018 година** — **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 7, член 63 и члем 356 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата(„Службен весник на Република Македонија" бр.169/15...83/2018) и член 5 од Законот за комунални дејности(„Службен весник на Република Македонија"бр.95/2012..64/2018)и член 14-а од Законот за јавна чистота(Службен весник на Република Македонија бр."( 111/2008...31/2016 ) и член 34 став 1 од Статутот на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр. 15/2018) , Управниот Одбор на јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци на седница одржана на ден 13.11.2018 година донесе ,

# П Р А В И Л Н И К
## За условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила , хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила од јавни сообраќајни и други јавни површини и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци.

### Член 2

Надзор над непрописно запрените или паркирани возила и условите и начинот за отстранување, преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци врши Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци.

Надзорот како и блокирањето,отстранување и преместување на непрописно запрени или паркирани возила и приколки , хаварисани и напуштени возила го врши Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци и тоа на :

1.Јавни сообраќајни површини :

-тротоари, јавни паркиралишта, пешачки и велосипедски патеки, плоштади, кејови, јавни пазаришта и други јавни сообраќајни површини;

2.Други јавни површини:

-улични тревници, подигнато заленило, паркови, рекреативни и други неуредени површини.

БЛОКИРАЊЕ НА ВОЗИЛА

Член 3

Непрописно паркираните возила може да се блокираат по налог на овластено службено лице при Министерството за внатрешни работи- сообраќајна полиција односно комунален инспектор.

Блокирање на возилата се врши со соодветни направи (лисици, блокатори на тркала)кои се поставуваат на возилото, најчесто на тркалата на возилото или пред или зад возилото.

Член 4

Да се блокира можат непрописно запрени или паркирани патнички автомобили ,непрописно запрени или паркирани автобуси, теретни возила, работни машини и приклучни возила .

Освен возилата од претходниот став, а заради неможноста за ефикасна наплата на паркинг карта, може да се блокираат и возилата со странски регистарски таблички, ЗООЛ таблички , возила без регистарски таблички и возила за кои е издадена две или повеќе дневни паркинг карти а истите не се платени .

Член 5

Блокирањето на возила не е дозволено во случаите предвидени со Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата за кои е предвидено нивно задолжително преместување.

Член 6

На возилото на кое ќе биде поставено средство за блокирање, ќе биде прикачено писмено известување во форма на налепница со предупредување за сопственикот или корисникот на возилото, да внимава бидејќи на возилото е поставено средство за блокирање , со упатство за понатамошно делување.

Покрај Предупредувањето, Известувањето содржи и телефонски број на кој сопственикот или корисникот на возилото се повикува да се обрати како би му било отстрането средството за блокирање со објаснување„доколку за 60 минути од моментот на поставувањето на средството за блокирање, не се јавите за деблокирање, Вашето возило ќе биде преместено со помош на специјално возило-Пајак“ Освен телефонскиот број испишано е и работното време и адресата/седиштетео на јавното паркирачиште.

Член 7

Трошоците за блокирање и деблокирање ги сноси сопственикот или корисникот на возилото.

Возилото ке се деблокира откако сопственикот или корисникот на возилото ќе ја плати цената на услугата за паркирање на јавните паркиралишта, односно издадените дневни паркинг карти и трошоците за блокирање и деблокирање, односно по доставениот доказ за извршена уплата на цената за паркирање на јавното паркиралиште, односно дневните паркинг карти и трошоците за блокирање и деблокирање.

Член 8

Доколку по поставување на средството за блокирање , сопственикот или корисникот на возилото не побара истото да биде отстрането во рок од 60 (шеесет)минути од моментот на поставување на истото, возилото со специјално возило „Пајак“ ќе биде транспортирано на јавното паркиралиште-депо.

Во тој случај, сопственикот или корисникот на возилото, покрај обврските од член 7 од овој Правилник, ќе треба да ги надомести и трошоците за отстранување и преместување на возилото со специјално возило „Пајак“.

ЗАПУШТЕНИ ВОЗИЛА

Член 9

Запуштено, дотраено нерегистрирано или технички неисправно возило се отстранува по налог на овластено службено лице при Министерството за внатрешни работи-сообраќајна полиција, односно комунален инспектор.л

Трошоците за отстранување и преместување на возилото, троцоците за огласување на возилото, проценка на вредноста на возилото, складирање и чување на возилото на отпад, ке ги сноси сопственикот на возилото, утврден според податоците за регистрација на возилото во евиденцијата на МВР или на друг начин.

ОТСТРАНУВАЊЕ И ПРЕМЕСТУВАЊЕ НА НЕПРОПИСНО ЗАПРЕНИ ИЛИ ПАРКИРАНИ ВОЗИЛА, ХАВАРИСАНИ И НАПУШТЕНИ ВОЗИЛА

Член 10

Отстранување и преместувањето на непрописно запрени или паркирани возила, хаварисани и напуштени возила врши ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци.

Член 11

Исполнувањето на условите од член 8 од овој Правилник го утврдува ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци.

Член 12

Налог за отстранување и преместување на непрописно запрено или паркирано возило , хаварисано и напуштено возило во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавна чистота издава овластено службено лице при Министерство за внатрешни работи –сообраќајна полиција односно комунален инспектор.

Пред да отпочне со постапката за отстранување или преместување на непрописно и неправилно паркирано возило, местото и положбата на возилото се утврдува со фотографија или видео запис.

Фотографијата или видео записот се составен дел на Налогот за отстранување или преместување на возилото .

Прекршокот за непрописно запирање или паркирање на возило може да се утврди и со помош на видео надзор или со пренос на фотографија по електронски пар без присуство на овластено лице од став 1 и 2 на овој член на местото на извршување на прекршокот.

Образецот – Налогот за отстранување или преместување на возилото од став 1 и 2 на овој член може да се издава во печатена форма или да се изработи по електронски пат.

Член 13

Приговор против Налогот за отстранување или преместување на возилото се поднесува спрема лицата наведени во член 12 од овој Правилник во рок од 8 дена од денот на превземањето на возилото.

Приговорот не ја одлага наплата на трошоците за преместување и чување на возилото.

Член 14.

Пред подигањето и отстранувањето и преместувањето на непрописно запрено или паркирано возило, овластените лица кои вршат отстранување и преместување на возилото, должни се да го прегледаат и да ги утврдат евентуалните претходни оштетеување.

Доколку се утврдат оштетувања на возилото, истите ќе се фотографираат и ќе се наведат во налогот за отстранување или преместување на возилото.

Член 15

ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци е должно при превземање на отстранетото возило од страна на сопственикот или корисникот да состави Записник за превземање на возила.

Во Записникот за превземање за превземање на возилото се внесува:

-Бројот на Налогот за отстранување или преместување на возилото;

-спецификација на трошоците за отстранување и преместување или трошоците за започнато отстранување и преместување, трошоците за привремено чување на возилото, како и констатација дека возилото се предава неоштетено, односно ако на возилото при преместувањето настанало оштетеување, попис на настанатите оштетеувања и претходно утврдени оштетеувања, констатирани согласно член 14 од овој Правилник.

Записникот го потпишува сопственикот или корисникот кој го превзема возилото и овластеното лице од ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци.

Во случај на констатирано оштетување на возилото настанато при преместување или отпочнување на преместувањето на возилото, сопственикот на возилото има право да поведе постапка за утврдување и надомест на штета.

На сопственикот или корисникот на возилото ќе му се издаде Записникот за превземање на возилото, откако ќе изврши плаќање на трошоците за преместување или отпочнување на преместување на возилото, на лице место или на јавното паркиралиште –депо.

Член 16

Трошоците за отстранување и преместување на возилото ги сноси сопственикот или корисникот на возилото.

Сопственикот односно корисникот на возилото за кое е издаден Налог за отстранување или преместување на возилото , должен е да плати 50% од надоместокот од од став 1 на овој член , заради троцошоци за доаѓање на

специјалното возило , кога е започнато , а не е довршено, отстранувањето или преместувањето на возилото.

Се смета дека отстранување и преместување на возилото е започнато кога е издаден Налог за отстранување или преместување на возилото и кога специјалното возило –пајак дошло на место каде што се наоѓа возилото што се преместува, се додека специјалното возило-пајак, не го напушти местото од кое возилото се отстранува и преместува.

Член 17

Кога возилото се преместува врз основа на наредба од Министерството за внатрешни работи од безбедносни причини, при преместувањето на возилото сопственикотќе биде ослободен од надоместок за трошоци за отстранување и преместување на возилото, а при превземањето на возилото се составува Записник за превземање на возилото, односно одредбите од член 15 на овој Правилник.

Член 18

Кога отстрането и преместено возило не е превземено во рок од 8 дена од денот кога е извршено преместувањето, ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци е должно за извршеното преместување уредно да го изврши сопственикот или корисникот на возилото.

Член 19

Доколку сопственикот или корисникот на возилото во рок од 30(триесет) дена од денот на приемот на уредно доставеното известување за отстранување и преместување на возилото не се јави за да го побара своето возило од ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" , возилото во присуство на овластеното лице од Министерството за внатрешни работи или комунален инспектор, во зависност од тоа кој го издал налогот , со Записник ќе му биде вратено при што сопственикот или корисникот на возилото ќе биде задолжен да ги надомести сите настанати трошоци согласно Ценовникот на услугите за блокирање и преместување на непрописно запрени и паркирани возила,хаварисани и напуштени возила и чување на истите донесен од ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ".

Во спротивно ќе се смета дека тој на неспорен начин ја изразил својата волја , дека возилото не го смета за своја сопственост.Во ваква ситуација ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" не сноси никаква одговорност за судбината на возилото.

Член 20

Составен дел на овој Правилник е и Ценовникот на услугите за блокирање и преместување на непрописно запрени и паркирани возила , хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци.

Член 21

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува по добиена согласност од Советот на Општина Кавадарци

Бр.03-10/4
13.11.2018година
Кавадарци

Управен Одбор
ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“
Заменик Претседател
Снежана Најдовска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2018 година**

1.Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци", а во врска Одлуката за отпочнување постапка за воспоставување на електронски видео надзор на главните сообраќајници во градот бр.08-2175/16 од 24.04.2018 година(„Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр.11/2017), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2018 година**

Во Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2018 година бр.09-5167/8 од 22.12.2017 година, („Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр.4/2017, 11/2018, 14/2018 и 16/2018) се вршат следните измени и дополнувања :

I. Во Глава 1 Локален Развој /Регионален развој после под-глава Проект Доизградба на неизградениот дел кај спортски центар Јасмин, се ДОДАВА текст кои гласи:

- Воспоставување на електронски систем за видео надзор на главните сообраќајници во градот.

Со овој проект се уредува сообраќајот на локалните патишта и улици во Општина Кавадарци преку воспоставување на електронски систем за видео надзор , со цел подобрен проток на сообраќајот на улиците и поголема безбедност.

II. Во Глава 7. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА после текстот СЕ ДОДАВА нов текст кој гласи:

- За реализација на проектот Воспоставување на електронски систем за видео надзор на главните сообраќајници во градот финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци во висина од 4.350.000 за 2018 и 2019 год.

III. Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

IV. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-6310/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**14.11.2018 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за одредување на Проектот „ ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ЛОКАЛИТЕТ МОКЛИШКО ЕЗЕРО ”, како приоритетен проект на Општина Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката за одредување на Проектот „ ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ЛОКАЛИТЕТ МОКЛИШКО ЕЗЕРО ”, како приоритетен проект на Општина Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Службен Гласник на општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11. 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одредување на Проектот „ ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ЛОКАЛИТЕТ МОКЛИШКО ЕЗЕРО ", како приоритетен проект на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одредува проектот „ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ЛОКАЛИТЕТ МОКЛИШКО ЕЗЕРО" со кои општина Кавадарци аплицира во АФПЗРР за користење на средствата од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, за мерка 124-" Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството наменети за: Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште", како приоритетен проект.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-6310/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.11.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/13**
**15.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Службен Гласник на општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност за намената на инвестицијата**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот„ ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ЛОКАЛИТЕТ МОКЛИШКО ЕЗЕРО “.

**Член 2**

Проектот опфаќа средување на постоечкиот пат од почнувајќи од мостот од Воденицата во месноста Моклиште до Моклишко езеро. Предвидено е истиот да се прошири, израмне и тампонира.

**Член 3**

Средствата во износ од 999.165 денари ќе се обезбедат од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци “.

**Бр.08-6310/13** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.11.2018 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари на КП бр.2699 КО Марена во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

1.Се објавува Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари на КП бр.2699 КО Марена во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/14** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 3, 4, 37, 38 и 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ" бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16 и бр.21/18), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата што одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање во закуп на недвижни ствари на КП бр.2699 КО Марена во сопственост на Општина Кавадарци**
**по пат на електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Да се даде во закуп недвижната ствар на КП 2699 КО Марена, запишана во Имотен лист број 1556, издаден од Агенција за катастар на недвижности бр.1105-12067/2018 од 30.10.2018 година, по пат на електронско јавно наддавање согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ"бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16 и бр.21/18) и тоа:

- Објект број 1, В4-8, влез 1, приземје, број 1, деловен простор со внатрешна корисна површина од 34 м2 м.в. "Село" .

**Член 2**

Проценетата вредност на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука е утврдена согласно Извештај за процена на недвижен имот со деловоден бр.01-49 од 24.08.2018 година изработен од Трговец поединец за вештачење и процена Д-р Анастас Ѓорги Џуровски ТП Ресен и наш деловоден бр.21-4261/35 од 31.08.2018 година и истата е во износ од 601.788,00 денари.

**Член 3**

Висината на почетната месечна закупнина за недвижната ствар од член 1 од оваа одлука изнесува 3.009,00 денари, а износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 12.036,00 денари.

**Член 4**

Објавата за издавање во закуп на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следните податоци:

- недвижната ствар која е предмет на закуп (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, кататстарка општина и број на имотен лист, број на зграда, намена на зграда, број на влез, број на посебен дел од зграда);
- урбанистичко –планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на закуп;

- почетната цена за движната ствар која е предмет на закуп;

- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;

- време на започнување на јавното наддавање;

- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;

- услови за учество на јавно наддавање за домашни физички и правни лица;

-банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;

- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари;

- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) и

- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.

**Член 5**

Урбанистичко –планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар од член 1 од оваа одлуката нема.

**Член 6**

Недвижната ствар од член 1 на оваа Одлука се дава во закуп за период од 5 години.

**Член 7**

Со најповолниот понудувач во постапката на електронското јавно наддавање Градоначалникот склучува Договор заверен кај нотар.

**Член 8**

Закупецот на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука истата не може да ја даде во подзакуп.

**Член 9**

Одлуката влегува во сила 8 (осум) дена од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-6310/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.11.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлука за расход на компјутерска опрема и електронски отпад со арх.бр.02-355/5 од 19.10.2018 година, донесена на седница на Училишен Одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука за расход на компјутерска опрема и електронски отпад со арх.бр.02-355/5 од 19.10.2018 година, донесена на седница на Училишен Одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука за расход на компјутерска опрема и електронски отпад со арх.бр.02-355/5 од 19.10.2018 година, донесена на седница на Училишен Одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за расход на компјутерска опрема и електронски отпад со арх.бр.02-355/5 од 19.10.2018 година, донесена на седница на Училишен Одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6310/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**14.11.2018 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-1768/3 од 13.11.2018 година, за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плакање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар донесена на седница на Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, одржана на ден 12.11.2018 година**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-1768/3 од 13.11.2018 година, за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плакање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар донесена на седница на Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, одржана на ден 12.11.2018 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....64/2018), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Одлука со арх.бр.02-1768/3 од 13.11.2018 година, за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плакање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар донесена на седница на Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, одржана на ден 12.11.2018 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука со арх.бр.02-1768/3 од 13.11.2018 година, за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плакање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар донесена на седница на Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, одржана на ден 12.11.2018 година.

Со исклучок во сите членови на горецитираната Одлука каде што стои зборот „ и дуќани„. да се брише .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6310/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.11.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
Бр. 02-1768/3
13-11 2018 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. весник на РМ број 38/96, 9/97, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015,61/2015, 39/2016 и 64/2018 ) и член 22 од Статутот на ЈП Комуналец – Кавадарци, Управниот одбор на седницата на ден 12.11.2018 год ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на
## О Д Л У К А
## За ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар бр.02-1110/4 од 24.09.2018 година

**Член 1**

Се менува насловот на Одлуката За ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар и гласи Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица и дуќани корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар.

**Член 2**

Се менува член 1 ст.1 од Одлуката, после зборот „физички лица“ се додава зборот „и дуќани“.

Се менува член 1 ст.2 од Одлуката, после зборот “физички лица“ се додава зборот „и дуќани“ и после зборот „најдоцна до“ се брише 31.12.2018 година се додава 28.02.2019 година.

Се менува член 1 ст.3 од Одлуката, после зборот „физички лица“ се додава зборот „и дуќани“, после зборот „најдоцна до“ се брише 31.12.2018 година се додава 28.02.2019 година.

**Член 3**

Се менува член 2 ст.1 од Одлуката, после зборот „најдоцна до“ се брише 31.12.2018 година се додава 28.02.2019 година.

**Член 4**

Се менува член 3 ст.2 од Одлуката и гласи „Во зависност од висината на главниот долг, истиот може да се исплати на рати но не повеќе од 60 рати а поединечната рата да не изнесува помалку од 1.000,оо денари.

Ставот 3 од истиот член се брише.

**Член 5**

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 6**

Одлуката стапува во сила со денот на давањето на согласност од Советот на Општина Кавадарци.

ЈП Комуналец - Кавадарци
Управен одбор
Претседател
/м-р. Марјанчо Павлов/

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението**
**за разрешување и именување членови**
**на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**

1.Се објавува Решението за разрешување и именување členовина Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, донесено на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02)„ а во врска со член 372 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Сл.Весник на РМ„ бр.169/15,55/16, 226/17, 11/2018) , член 132 став 3 Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување членови**
**на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**

**Член 1**

Се разрешуваат членовите на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, именувани со Решение бр.07-4925/17 од 30.10.2014 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.24/2010).

**Член 2**

За членови на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, се именуваат:

Претседател- Љупчо Лазов

Членови :

-Македонка Илиевска
- Горан Ристиќ
- Силвана Танева
- Ангел Данов
- Снежана Најдовска
- Диме Мукаетов

**Член 3**

Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решението влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-6310/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.11.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за примање донација – Проектна документација за јавно осветлување во Општина Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката за примање донација – Проектна документација за јавно осветлување во Општина Кавадарци , донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање донација – Проектна документација за јавно осветлување во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација 17 основни проекти, 17 Извештаи за ревизија и 17 Геодетски елаборати за линиски инфраструктурен објект за јавно осветлување на 17 локации во Градот Кавадарци во вкупна вредност од 926.772,00 денари со ДДВ, од страна на давателот на донацијата Друштво за услуги, трговија и производство ПРО ЕНЕРГО увоз-извоз ДОО Битола, за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес - јавното осветлување, согласно член 22 ст.1 ал. 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) .

**Член 2**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци,,.

Бр.08-6310/18
14.11.2018 година
К А В А Д А Р Ц И

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**по Барање со арх.07-3021 од 30.10.2018 година, за согласност за промена на процентот за распределба на приходите стекнати од партиципација на корисниците на услуги доставено од СОУ„Киро Спанџов –Брко„Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката по Барање со арх.07-3021 од 30.10.2018 година, за согласност за промена на процентот за распределба на приходите стекнати од партиципација на корисниците на услуги доставено од СОУ„Киро Спанџов –Брко„Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002) , член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадараци„ бр.8/05), член 10 од Правилникот за начинот на стекнување и распределба на средства во јавните училишта бр.20-17268/1 од 30.12.2016 година, расправајќи по Барање со арх.07-3021 од 30.10.2018 година, за согласност за промена на процентот за распределба на приходите стекнати од партиципација на корисниците на услуги доставено од СОУ„Киро Спанџов –Брко„Кавадарци., Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Советот на Општина Кавадарци дава согласност да се искористи износ над или под утврдениот процент од член 6 од Правилникот за начинот

на стекнување и распределба на средства во јавните училишта, при распределба на средствата на јавните училишта, по добиено мислење од Министерството за образование и наука.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„а ке се применува по добиено мислење од Министерството за образование и наука .

**Бр.08-6310/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.11.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**по Барањето со арх.бр.13-6126/1 од 30.10.2018 година, за добивање на согласност за промена на процентот за распределба на приходите стекнати од партиципација на корисниците на услуги на училиштето доставено од С.О ЗШУ„ Ѓорче Петров„ Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката по Барањето со арх.бр.13-6126/1 од 30.10.2018 година, за добивање на согласност за промена на процентот за распределба на приходите стекнати од партиципација на корисниците на услуги на училиштето доставено од С.О ЗШУ„ Ѓорче Петров„ Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/20** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадараци„ бр.8/05) член 10 од

Правилникот за начинот на стекнување и распределба на средства во јавните училишта бр.20-17268/1 од 30.12.2016 година, расправајќи по Барањето со арх.бр.13-6126/1 од 30.10.2018 година, за добивање на согласност за промена на процентот за распределба на приходите стекнати од партиципација на корисниците на услуги на училиштето доставено од С.О ЗШУ„ Ѓорче Петров„ Кавадарци., Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Советот на Општина Кавадарци дава согласност да се искористи износ над или под утврдениот процент од член 6 од Правилникот за начинот на стекнување и распределба на средства во јавните училишта при распределбата на средствата на јавните училишта, по добиено мислење од Министерството за образование и наука.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„а ке се применува по добиено мислење од Министерството за образование и наука .

**Бр.08-6310/20**
**14.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година**

1.Се објавува Одлуката За одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година , донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/21** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), Записник од Комисија за финансии и буџет бр.08-6470/2 од 14.11.2018 година, Комисија за финансии и буџет , член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува исплата на финансиски средства и тоа на :

-Дарко Стојчев во вкупен износ од 30.000,00 денари;

-Мајкл Георгиевски во вкупен износ од 30.000,00 денари;

- Михаела Темелкова во вкупен износ од 30.000,00 денари,

со намена за учество на 15 Меѓународна олимпијада по природни науки која се одржува во Габоране,Боцвана од 02.до 11.12.2018 година.

Член 2

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат на трансакциска сметка од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6310/21** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.11.2018 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот**
**за изменување и дополнување на**
**Правилник за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат за субвенционирање на имплементирање на мерките за**

**обезбедување поддршка во подобрувањето наенергетската ефикасност во стамбени згради за колективно домување во Општина Кавадарци**

1.Се објавува Правилникот за изменување и дополнување на Правилник за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат за субвенционирање на имплементирање на мерките за обезбедување поддршка во подобрувањето наенергетската ефикасност во стамбени згради за колективно домување во Општина Кавадарци, донесен на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/22**
**15.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ“ бр.5/2002),член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ( „Сл.Гласник на општина Кавадарци„ бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе :

**П р а в и л н и к**
**за изменување и дополнување на**
**Правилник за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат за субвенционирање на имплементирање на мерките за обезбедување поддршка во подобрувањето наенергетската ефикасност во стамбени згради за колективно домување во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Правилникот за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат за субвенционирање на имплементирање на мерките за обезбедување поддршка во подобрувањето наенергетската ефикасност во стамбени згради за колективно домување во Општина Кавадарци бр.08-272/8 од 30.01.2018 година, се врши следната измена и дополнување:

- во член 11 после точкатата се ДОДАВА нов текст кој гласи:

„ започнатите постапки по Правилникот бр.07-5805/30 од 22.12.2014 година, ке се завршат согласно одредбите Правилникот бр.07-5805/30 од 22.12.2014 година„.

Во останатиот дел Правилникот за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат за субвенционирање на имплементирање на мерките за обезбедување поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во стамбени згради за колективно домување во Општина Кавадарци останува непроменет.

**Член 2**

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат за субвенционирање на имплементирање на мерките за обезбедување поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во стамбени згради за колективно домување во Општина Кавадарци влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6310/22**
**14.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.250/16 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.250/16 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/23**
**15.11.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.250/16 поведен пред Основен суд Кавадарци**

### Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.250/16 поведен пред Основен суд Кавадарци и тоа:

## СУДСКА СПОГОДБА
**за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.250/16 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Заклучена на ден __________.2018 година, помеѓу:**

1. **Општина Кавадарци - Локална самоуправа** со седиште на Плоштад Маршал Тито бб Кавадарци со ЕМБС 5995965 и ЕДБ 4011004124215 застапувана од Градоначалникот на Општината М-р Митко Јанчев, од една страна како предлагач и

2. **Горица Филипова** од Скопје ул. "Јурин Гагарин" бр.21-1/1, преку полномошник адвокат Илија Чекоров од Кавадарци ул."Мито Хаџивасилев"бр.35 од друга страна како противник.

### ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред

Основен суд Кавадарци ВПП.бр.250/16 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјоделско земјиште со
кп.бр.639/2 во површина од 400 м2 во м.в.„С.в Димитрија“ култура 16000, сопственост на противникот Горица Филипова по Имотен лист бр.211 КО Крњево согласно Решение за експропријација Екс.бр.26-57/3 од 12.04.2016 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради изградба на Локален пат Крњево Бохула согласно елаборат број 07-112/98 од 24.06.2014 година изработен од „Геовизија“ ДООЕЛ Кавадарци.

2. Страните на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот – Горица Филипова 89,9дена пом2 или вкупен износ од 35.960,00 денари.

3. Страните на Судската Спогодба се согласни секој да си ги сноси своите трошоци во постапката, вклучувајќи ги и трошоците – судските такси за оваа судска спогодба во износ и рок на плаќање определени од страна на судот, како и трошоците за вештачење.

4. Противникот – Горица Филипова е согласна надоместокот во износ од 35.960,00 денари, предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба, на трансакциона сметка на противникот.

5. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.250/16.

6. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**СТРАНИ НА СПОГОДБАТА**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**М- р Митко Јанчев**

**Горица Филипова**
**Преку Полномошник**
**Адвокат Илија Чекоров**

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП бр. 250/16 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-6310/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.11.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година**

1.Се објавува за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година , донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6500/24** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), Записник од Комисија за финансии и буџет бр.08-6470/2 од 14.11.2018 година, Комисија за финансии и буџет , член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 48.000,оо денари, на 8 (осум) лица ангажирани за организација и спроведување на Манифестацијата„Есенски панаѓур-2018 година.

Член 2

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-6310/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.11.2018 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**